Macedonian | Македонски

# Вистинска помош. Токму сега.



# Парична поддршка од 100 долари за заштеда на енергија: Како да поднесете барање

Обезбедување помош околу вистинските трошоци за живот на жителите на Викторија на кои таа им е најпотребна.

Владата на Викторија обезбедува вистинска помош за справување со трошоците за живот и намалување на сметките за енергија за жителите на Викторија на кои им е потребна помош, со новата Парична поддршка од 100 долари за заштеда на енергија ($100 Power Saving Bonus).

Од 25 август 2025 година, носителите на картичка за попусти (concession card) кои ги исполнуваат условите ќе можат да поднесат барање за паричната поддршка преку веб-страницата Victorian Energy Compare, при што воедно ќе проверат дали ја користат најповолната понуда за енергија.

Victorian Energy Compare е бесплатна и независна владина веб-страница, која овозможува лесно споредување на понудите за електрична енергија, гас и соларна енергија. Со редовно проверување и менување на плановите за енергија преку оваа веб-страница, жителите на Викторија можат значително да заштедат на трошоците за енергија.

Не е потребно да преминете на друг план за енергија за да се квалификувате за паричната поддршка од 100 долари за заштеда на енергија. Само посетете ја веб-страницата и споредете ги достапните планови - тоа е брзо, лесно и може да ви помогне да најдете подобра понуда.

## Парична поддршка од 100 долари за заштеда на енергија

Паричната поддршка од 100 долари за заштеда на енергија е еднократна исплата наменета да им помогне на домаќинствата што ги исполнуваат условите полесно да ги подмират сметките за енергија во зима и да го намалат притисокот од трошоците за живот.

Со поднесување на барање на веб-страницата Victorian Energy Compare, може да откриете нови заштеди - и да добиете парична поддршка од 100 долари додека го правите тоа.

## Услови

За да ги исполнуваат условите, домаќинствата ќе треба:

- Да имаат неодамнешна сметка за потрошена струја за домаќинството
- Да поседуваат една од следните картички за попуст:
  - Здравствена картичка (Health Care Card)
  - Пензионерска картичка за попусти (Pensioner Concession Card)
  - Пензионерска картичка за попусти од Министерството за воени ветерани (Veterans' Affairs Pensioner Concession Card)
  - Златна картичка од Министерството за воени ветерани (Veterans' Affairs Gold Card)

Се доделува само една исплата по домаќинство.

### Како да поднесете барање

За да поднесете барање, посетете ја веб-страницата Victorian Energy Compare (compare.energy.vic.gov.au), јавете се на телефон (**1800 000 832**) или лично преку Neighbourhood House што учествува во програмата.

VICTORIAN ENERGY COMPARE

VICTORIA State Government

# **Вистинска помош**. Токму сега.

## Што можете да добиете со Victorian Energy Compare:

- Да ги споредите достапните понуди со вашиот тековен план за да можете да видите дали се поскапи или поевтини.
- Да ги пребарате сите понуди на пазарот од сите снабдувачи на енергија во Викторија.
- Да ги видите понудите за зелена енергија и тарифите за враќање во електричната мрежа на струјата добиена од соларна енергија (feed-in tariffs).
- Да користите податоци специфични за вашето домаќинство или бизнис, за да ги добиете најдобрите информации.

**1** **Најдете ја вашата последна сметка за струја.**

**2** **Посетете ја веб-страницата compare.energy.vic.gov.au**

**3** **Внесете ги вашите податоци и најдете ги најдобрите понуди.**

### Споредувајте и заштедувајте

Луѓето кои ја користеле веб-страницата Victorian Energy Compare во текот на 2024 година успеале да заштедат повеќе од 240 долари со преминување на најповолните понуди.

### За домаќинства и мали бизниси

Victorian Energy Compare ги има сите општо достапни понуди за енергија за потрошувачи од категоријата домаќинства и мали бизниси.

### Попуст од 17,5%

Носителите на картичка за попусти може да имаат право на попуст од 17,5% на сметките за електрична енергија во текот на целата година и на сметките за гас во зима (мај - октомври).

На веб-страницата за енергија на владата на Викторија има информации за нашата соработка со индустријата и заедницата, со цел развој на безбедна и одржлива енергетска иднина за Викторија.



## **Посетете energy.vic.gov.au/households**

© Министерство за енергетика, животна средина и дејствија за климатски промени на државата Викторија, август 2025 година

**ISBN** 978-1-76176-538-4 **(Print)**
**ISBN** 978-1-76176-539-1 **(pdf/online/MS word)**

**Одрекување од одговорност**
Оваа публикација може да ви биде од корист, но државата Викторија и нејзините вработени не даваат гаранција дека публикацијата е без какви било недостатоци или дека е целосно соодветна за вашите конкретни цели, и затоа се оградуваат од секаква одговорност за какви било грешки, загуба или други последици кои можат да произлезат од повикувањето на информации во оваа публикација.

За помош на други јазици, јавете се на Службата за писмено и усно преведување (TIS) на 131 450.

VICTORIA State Government

2052